РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1251/2
31-01-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен предмет оформен по пријава на познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 99-та седница прво продолжение одржана на ден 30.01.2024 година ја донесе следнава

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот број 12-1147/1 од 17.02.2022 година, оформен по пријава со наводи против лицето …., шеф на катедра на ….., кој врши функција додека е активно присутен во Словенија, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај е постапено од страна на друг орган кој е надлежен да постапува, кој постапил во рамките на своите законски надле жности.

Предметот со број 12-1147/1 од 17.02.2022 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на познат подносител на ден 17.02.2022 година, доставена е пријава заведена под број 12-1147/1, по која е оформен предмет со наводи против лицето …. шеф на катедра на …., кој врши функција додека е активно присутен во Словенија.

Во пријавата се наведува дека именуваното лице иако е евидентиран во Агенцијата за вработување на Македонија како шеф на катедра на …., веќе четири години е вработен и престојува како постојан резидент во Словенија како асистент и докторант на универзитетот во Љубљана. Од тука смета дека незаконски ја врши функцијата на универзитетот додека истиот е со престој и на работно место во Словенија поради што бара од Комисијата да бидат превземени дејствија за соодветно казнување на овој случај.

Во насока на целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, ДКСК до Државниот инспекторат за труд и до Државниот просветен инспекторат, достави барања за доставување на податоци и информации со кое побара од нивна страна да биде постапено согласно надлежностите односно да се изврши инспекциски надзор во …. по наводите во пријата и до Државната комисија да се достава копија од Записникот за извршениот надзор со информација за евентуално преземените активности по однос на утврдената фактичка состојба.

Од доставените податоци од страна на Државниот просветен инспекторат, ДКСК стекна сознанија дека врз основа на Задолжение бр … година од директорот на Државниот просветен инспекторат бил извршен вонреден инспекциски надзор на … и од увидот на документацијата било констатирано дека со Одлука бр …. година именуваното лице бил избран во соработничко звање асистент докторант по предметите од областа на геодезија. Врз основа на наведениот избор

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

именуваното лице засновал работен однос на 21.12.2016 година на определено време од 60 месеци и за истото имал склучено договор за вработување со универзитетот бр.... година. Покрај тоа што договорот бил на определено време од 60 месеци договорот со лицето не бил прекинат до денот на извршениот вонреден инспекциски надзор. Наведеното е спротивно на Законот за високото образование поради што согласно член 83 став (1) од Законот за инспекциски надзор било издадено Решение ИП1 .. година со изречена мерка опомена на Универзитетот како правно лице и одговорното лице во правното лице, за почитување и доследно постапување по член 220 од Законот за високото образование.

Од доставените податоци од страна на Државниот инспекторат за труд ДКСК стекна сознанија дека пријавеното лице засновал работен однос на 21.12.2016 година врз основа на Одлука број ... година на соработничко звање асистент-докторант за предметите од областа на геодезијата на .... Во однос на наводите дека именуваното лице веќе подолг период не престојува во РСМ, од надлежната институција беше одговорено дека откако е именуван за ... од 21.10.2022 година е во состојба да даде информација дали лицето бил присутен на работа и дали држел вежби но не и за периодот претходно, а додека за зимскиот семестар за академската година 2023/2024 истиот бил ослободен од работните обврски при ... заради исполнување на обврските за завршување на докторатот односно одбрана на истиот. Државниот инспекторат не бил во состојба да изврши увид во евиденцијата за работното време бидејќи универзитетот согласно донесената одлука од страна на Министерството за образование и наука настаниот кадар не треба да се евидентира во евиденцијата за работното време согласно член 160 став 1 алинеја 5 од Законот за високото образование („Сл..весник на РМ бр 82/2018). Дополнително до Државниот инспекторат за труд .... универзитетот ги известил дека пријавеното лице до ... поднел барање за престанок на работен однос архивирано со број .. година. Постапувајќи по поднесеното барање, на пријавеното лице му било донесено Решение за престанок на работен однос број ... година согласно член 71 став 1 од ЗРО со која му престанал работниот однос заклучно со 12.12.2023 година.

Од сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека по пријавените наводи за предметниот случај, постапено е од страна на надлежни органи кои постапиле во рамките на своите законски надлежности и извршиле вонреден инспекциски надзор.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Odобрил : Г.Т. ,член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Билјана Ивановска